Macedonian | Македонски

BreastScreen Victoria

Caring about Women

# Дали BreastScreen е за вас?

Овие информации се однесуваат на проверката за рак на дојките.

## Што е BreastScreen Victoria?

BreastScreen Victoria е дел од BreastScreen Australia, националната програма за проверка за рак на дојките. BreastScreen Victoria ги поканува жените на возраст од 50 до 74 години, кои немаат симптоми на рак на дојката, да прават бесплатна проверка на дојките секои две години. BreastScreen Victoria нуди бесплатни услуги и не е потребно да имате упат од доктор. Клиниките ги има низ цела Викоторија, така да можете да отидете во клиниката која најповеќе ви одговара.

## Што е проверка на дојките?

Проверката се состои во правење на рендгенска снимка на дојката (исто така, позната како мамограм). Со рендгенските снимања на дојките може да се открие рак кој е многу мал да се види или почуствува. Колку побргу се отркие ракот на дојката, толку подобри се можностите за задравување. Кај жените на возраст од 50 до 74 години, се потврдило дека проверката спасува животи.

## Зошто добив покана да направам проверка?

Жените на возраст од 50 до 74 години добиваат покана да направат проверка секои две години. Причината за тоа е што е докажано дека жените во оваа старосна група имаат најголема корист од проверката. Жените кои се помлади од 40 години немаат право да ги користат услугите на BreastScreen Victoria бидејќи проверката кај жените во оваа старосна група не е ефикасна. За повеќе информации во врска со вашата старосна група, отидете на **breastscreen.org.au**.

Жените во нивните 40ти години и кои се постари од 74 години се поттикнуваат да разговараат со нивниот доктор за корисноста и ризиците поврзани со проверката земајќи ги предвид нивните посебни здравствени потреби.



## Дали проверката на дојките е за мене?

Секоја жена треба самата да донесе одлука во врска со правењето проверка на дојките. За повеќе информации во врска со корисноста и штетните последици од проверката, посетете ги Интернет страниците **breastscreen.org.au**.

На некои жени може да им се потребни различни видови на нега и услуги кои не се вклучени во проверката. Ако:

- имате **невообичаена промена** во дојката, на пример, грутка, болка или исцедок од брадавицата
- имате **голема семејна историја** на рак на дојката и/или јајниците
- сте имале **рак на дојката** во последните пет години

можеби нема да имате право да ги користите услугите на BreastScreen Victoria и ќе треба да го посетите вашиот доктор.

Жените со импланти во дојките се добредојдени да прават проверка. Ве молиме, информирајте го нашиот персонал ако имате импланти во дојките кога ќе закажувате проверка.

## Дали сум изложена на ризик?

**1 од 8** жени во Викторија ќе заболат од рак на дојката во текот на нивниот живот.



Повеќето жени со рак на дојката **немаат** семејна историја на болеста.



**Стареењето** е најголемиот фактор на ризик за заболување од рак на дојката.



## Што се случува при BreastScreen?

Проверката на дојките трае само 10 минути. Ве молиме, посетете ги Интернет страниците **breastscreen.org.au** за да видете видеозапис од оваа едноставна постапка и за повеќе информации во врска со тоа што се случува при BreastScreen.

Вашата рендгенска снимка ќе ја прегледаат најмалку две здравствени стручни лица кои се посебно обучени во областа на проверка на дојките. Ќе ви ги испратиме вашите резултати по пошта вам и на вашиот доктор, ако ни дадете дозвола за тоа.

## Колку често треба да правам проверки?

BreastScreen Victoria им препорачува на жените на возраст од 50 до 74 години да прават проверка на дојките секои две години. Важно е повторно да доаѓате секои две години за да можеме да утврдиме дали има било какви промени.

## Дали проверката на дојките е безбедна?

При секоја проверка на дојките, вашите дојки се изложени на многу мала доза на зрачење. Зрачењето при проверката е скоро исто како да сте биле изложени 18 недели на природно зрачење во околината. Истражувањата покажуваат дека проверките на дојките се многу покорисни при навремено откривање на рак во однос на изложеноста на било какви ризици од зрачење.

## Дали проверката е болна?

Вообичаено е при проверката на дојките да се чувствувате непријатно, но тоа чувство треба да трае само неколку секунди. Причината за болката е што вашите дојки треба силно да се притиснат меѓу две плочи на машината за проверка за да може да се направи јасна снимка. Ве молиме, ако чувствувате болка, кажете му на рендген-техничарот бидејќи постапката може да се запре во секое време.

## Како можам да продолжам да ги надгледувам моите дојки?

Дури и ако правите проверки на дојките секои две години, важно е свесно да ги надгледувате бидејќи ракот на дојката може да се појави во било кое време.

Ви препорачуваме:

- Да се запознаете со нормалниот изглед и допир на вашите дојки и веднаш да отидете на доктор ако забележите било какви невообичаени промени, на пример, грутки, болка или исцедок од брадавицата, дури и ако резултатите од вашата проверка на дојките се нормални.
- Прашајте го вашиот доктор за ризикот на кој сте изложени да добиете рак на дојките и потребата за проверка за истиот.

## Кои се ограничувањата на проверката?

Проверката на дојките моментно е најсигурниот начин на откривање на рак на дојките, меѓутоа не е совршен. Постои мала шанса проверката на дојките да даде нормални резултати, дури и ако постои рак на дојките. Многу мал број на жени се дијагностицираат со рак на дојките меѓу проверките.

Некои жени ќе бидат повикани да направат повеќе тестови после проверката на дојките бидејќи рендгенската снимка покажала некаква аномалија. Повеќето од овие жени немаат рак.

Некои жени кои направиле проверка се дијагностицираат и лекуваат од рак на дојките кој никогаш не би им наштетил. Оваа појава е позната како претерана дијагноза. Бидејќи не можеме да кажеме кој вид на рак на дојките може да стане опасен по живот, на сите жени кои се дијагностицирани со рак на дојките им се нуди лекување.

## Изборот е ваш

Проверката на дојките е ваш избор...и секоја жена е различна. За да можете да донесете информирана одлука дали треба да направите проверка или не, посетете ги Интернет страниците **breastscreen.org.au** или разговарајте со вашиот доктор.

## Проверката на дојките

- е **бесплатна**
- трае околу **10 минути**
- за неа не е потребен **упат од доктор**
- ја прави **рендген-техничарка**
- можете да ја направите во клиника во ваша близина, **насекаде во Викторија**

## Закажете проверка на **breastscreen.org.au** или телефонирајте **13 20 50**

За повеќе информации: **breastscreen.org.au**

Телефонирајте на **13 14 50** и побарајте да ве поврзат со BreastScreen Victoria

Преведени информации: breastscreen.org.au/**translations**

**TTY 13 36 77** ако имате оштетен слух или говор

State Government Victoria

BreastScreen Victoria се заблагодарува за поддршката од Владата на Викторија.

FS4MAC/0616